РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1803/4
19.11.2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение од 55-тата седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по пријавата заведена под број 12-5682/1 од 18.12.2019 година **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК има постапувано по пријава со исти наводи за што има донесено одлука број 12-3257/1 од 03.09.2021 година објавена на веб страната на ДКСК.

Предметот со број од 12-5682 од 2019 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5682/1 од 18.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од ///. Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службена положба и овластување и сторена измама во работењето на повеќе лица – членови на органите на управување и надзор на ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По разгледување на наводите во поднесената пријава, ДКСК се обрати до Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија со барање за доставување податоци и информации, на што доследно беше постапено, па со увидот во доставеното од негова страна, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и да се архивира. Ова од причина што ДКСК веќе има постапувано по пријава со истите наводи, за што на 51-та седницата одржана на 31-ви август 2021 година донесе Одлука бр. 12-3257/1 од 03.09.2021 година, која е објавена на нејзината веб страница.

Поради горе наведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- Архивата на ДКСК
- Подносителите

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Одобрил: м-р Ш. С.